**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-5217/2

Датум: 22.09.2026

Врз основа на Програмата за еднакви можности на Општина Центар-Скопје за 2026 година, точка 3, на 23.9.2026 година Општина Центар-Скопје објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К
## за пријавување лица за
## ,,Обука за финансиска писменост на жените"

Се повикуваат да се пријават на Јавниот повик за **,,Обука за финансиска писменост на жените"** сите заинтересирани лица што ги исполнуваат следниве услови:

- жителки на Општина Центар - Скопје;
- минимум завршено четиригодишно средно образование;
- невработени лица (евидентирани во АВРСМ);
- да се на возраст од 20 до 50 години.

## I. Начин на пријавување

Пријавата за ,,Обука за финансиска писменост на жените" заедно со потребната придружна документација може да се поднесе во Архивата на Општина Центар-Скопје, барака 6, од 9 до 15 часот или преку пошта на адреса ул. „Михаил Цоков" бр.1, 1000 Скопје

Потребни документи за учество во Јавниот повик се:

- Пријава за ,,Обука за финансиска писменост на жените";
- Потврда од Агенцијата за вработување (кандидатките треба да бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија);
- Доказ за завршено образование (копие).

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

***Напомена: Пријавата за ,,Обука за финансиска писменост на жените"е достапна и на веб-страницата на Општина Центар-Скопје (www.opstinacentar.gov.mk).***

***Пријавите со нецелосна документација или пријавите што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.***

## II. Рок на пријавување

Рок за поднесување на пријавите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик на веб-страницата на Општина Центар-Скопје како и на огласната табла во Општина Центар-Скопје.

## III. Други информации

Целта на обуката е развој на женското претприемништво што во голема мера зависи од финансиската писменост, а сето тоа води кон економска независност. Општина Центар-Скопје има цел економско јакнење на жените преку создавање поволна бизнис-клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал. **Планиран број на учеснички е 30 (триесет), на принципот прв дојден-прв услужен.**

Изработил: Убавка Стојанова Арсова
Контролирал: Дрита Исени
Одобрил: Весна Михајлова Куковска
Согласен: Георги Трајчев

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Д-р Горан Герасимовски**